# „Возвишениот Аллах вели: На тројца Јас ќе им бидам противник на Судниот ден

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Возвишениот Аллах вели: На тројца Јас ќе им бидам противник на Судниот ден: човек кој дава завет во Мое име па го изневерил; човек кој како роб продал слободен човек и ја изел неговата цена; и човек кој изнајмил работник, па го искористил неговиот труд, а не му ја дал платата.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека Возвишениот Аллах рекол: „На три категории на луѓе Јас ќе им бидам противник на Судниот ден, а на оној кому Јас сум противник – сигурно ќе биде поразен: 1. Оној кој ќе даде заклетва во името на Аллах, ќе склучи завет, а потоа ќе го прекрши и изневери. 2. Оној кој ќе продаде слободен човек како да е роб и ќе ја изеде (потроши) неговата цена. 3. Оној кој ќе изнајми работник за работа, ќе го искористи неговиот труд, а нема да му ја даде платата.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee